ДОКУМЕНТ ЗА ПОЛИТИКА бр.5/2023

# Корупцијата и националната безбедност: Како се завршува на црната листа на САД?

АВТОР
САРА ЈАНЕСКА

ФЕВРУАРИ 2023, СКОПЈЕ

NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

Гледиштата изразени во овој документ не ги одразуваат нужно гледиштата на Националната фондација за демократија од САД и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Наслов**
Корупцијата и националната безбедност: Како се завршува на црната листа на САД?

**Издавач**
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје

**Автор**
Сара Јанеска

**Лектура**

Валентина Јошевска

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на: https://idscs.org.mk/mk/2023/03/02/korupcija-nacionalna-bezbednost/**

# Вовед

Високата корупција, меѓу другото, претставува и сериозна закана за меѓународниот мир и безбедноста. Во авторитарните држави, концентрацијата на моќ заедно со корупцијата во највисоките политички редови овозможува консолидирање на овие режими, кои неретко имаат експанзионистички тенденции. Еден ваков пример е руската инвазија на Украина којашто ја загрози меѓународната безбедност и предизвика сериозни последици врз глобалната економија. Години наназад, руската влада предводена од Владимир Путин презеде низа активности насочени кон сузбивање на опозицијата, ограничување на просторот за независните медиуми и граѓанските организации, како и потиснување на политичките институции кои би можеле да го повикаат на одговорност. Истовремено, група олигарси, лојални на режимот се стекнаа со големи богатства преку сериозни коруптивни шеми. Поради ова, руската влада ја имаше „слободата“ да ги следи своите експанзионистички тенденции без да се соочи со критики и политичка опозиција внатре во државата.

Од друга страна пак, меѓународната заедница воведе бројни економски, дипломатски и воени санкции кон Русија, но и таргетирани санкции кон лица поврзани со режимот. На пример, Власта на САД им забрани влез и пристап до финансискиот систем на државата на повеќе политичари, олигарси, бизнисмени, јавни функционери кои се директно или индиректно вмешани во руската инвазија на Украина и се потенцијална закана за националната безбедност. Основата за воведување на ваквите санкции е Глобалниот акт „Магнитски“ кој ѝ овозможува на Владата на САД да санкционира индивидуалци од целиот свет виновни за повреди на човековите права и високата корупција, преку забрана за влез и замрзнување на имотот кој го поседуваат во државата.

Во 2021 година, врз основа на овој Акт, Претседателот на САД усвои посебна извршна одлука со која се таргетираат и санкционираат лица од Западен Балкан. Преку одлуката, САД започна да креира „црна листа“ со сегашни и поранешни функционери, бизнисмени, како и лица и компании блиски до нив од регионот, виновни за повреда на човековите права и вмешани во високата корупција. На листата се најдоа и експремиерот Никола Груевски и поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање Сашо Мијалков. Неодамна, Владата на САД најави дека ќе преземе посериозни напори кон проширување на листата, за што ќе биде неопходна поддршка и сојузништво од националните власти.

# Што е Глобалниот акт „Магнитски“ и кој може да биде санкциониран

Властите на САД преку Актот „Магнитски“ во 2012 година за прв пат воведе таргетирани санкции кон индивидуалци вмешани во сериозна корупција и повреди на човековите права. Актот поконкретно се однесувал на група лица од Руската Федерација виновни за измачувањето и смртта на Сергеј Магнитски – руски даночен експерт којшто откако открил голема коруптивна шема во која биле вклучени членови на руската влада, бил приведен, измачуван и набрзо починал во затвор.[1] Актот овозможил воведување економски санкции кон овие лица, односно замрзнување на финансиите и имотот којшто го поседуваат во САД, како и забрана за влез во државата. „Магнитски“ ја потенцира врската помеѓу остварувањето на човековите права и корупцијата, односно поаѓа од фактот дека корупцијата најчесто ги лишува граѓаните од ресурсите потребни за остварување на нивните права. Поради тоа, санкциите се предвидени за коруптивни дела дури и кога нема јасно видлива повреда на човековите права.[2] Подоцна, во 2016 година, американскиот Конгрес го изгласал и Глобалниот акт „Магнитски“ кој овозможува лица, од кој било дел од светот, виновни за корупција и повреди на човековите права да се стават на „црна листа“ и кон нив да се спроведат ваков тип санкции.

[1] Implementation of the Global Magnitsky Act, Columbia Law School, 2018. Достапно на: https://scholarship.law.columbia.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1025&context=public_integrity

[2] Global human rights sanctions Mapping Magnitsky laws: The US, Canadian,UK and EU approach, European Parliament, 2021. Достапно на: https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2021/698791/EPRS_BRI(2021)698791_EN.pdf

Санкциите што ги предвидува актот се однесуваат на дела од висока корупција. Тоа значи дека покрај нелегалното стекнување поголема материјална корист, поврзаноста со власта (директно, преку извршување на јавна функција или индиректно, преку соработка со владините гарнитури), е предуслов за едно лице да се најде на „црната листа“. Досега на листата се ставени сегашни и поранешни владини службеници од целиот свет, но и компании со кои тие се поврзани, нивни блиски соработници одговорни за или се соучесници во висока корупција. Ова е овозможено преку пристапот на воведување „мрежни санкции“ преку кој се таргетираат не само поединците, директно вклучени во коруптивната шема, туку и нивните соработници, правните лица во нивна сопственост или кои тие ги управуваат, како и оние лица кои нудат каква било помош или олеснувања на членовите на коруптивната мрежа.

Според актот, претседателите и членовите на соодветните комисии во Конгресот, државите и граѓанските организации кои работат во доменот на човековите права можат да предложат лица кои треба да бидат санкционирани.[3] Граѓанските организации играат значајна улога во овој процес, при што најмалку 34% од санкциите досега воведени во САД се засновани на предлози од граѓанските организации.[4]

Актот не пропишува одредени стандарди, или строги критериуми во фазата на поднесување предлози. Ова значи дека не е дефинирано какви докази треба да се приберат со цел да се утврди дали некое лице треба да биде ставено на листата, но тоа последователно е задача на американските власти. Сепак, во процесот на прибирање информации за поднесување предлози, предлагачите треба да водат сметка да бидат исполнети неколку услови. Пред сè, дали се работи за сегашен или поранешен владин функционер или лице (физичко или правно) кое презема дејствија во негово име или му е соучесник во висока корупција. Потоа, дали лицето било поврзано со корупција за време на оплслужување мандат, или членовите на институцијата која ја водел биле вклучени во корупција за време на оплслужување на неговиот мандат. Исто така, дали лицето се обидело да обезбеди или обезбедило материјални и финансиски средства или каков било вид помош со цел поддржување корупција или на лице санкционирано по актот „Магнитски“. На крајот, дали лицето делува во име на некој којшто е санкциониран по актот и дали се достапни неговите лични податоци. [5]

Во однос на делата, санкциите се воведуваат за вклученост во перење пари, мито, злоупотреба на јавни средства за лична корист, корупција поврзана со владини договори, злоупотреба на природни ресурси, како и измама и пренос на приходи од корупција во странски јурисдикции.[6] Од овие, најчесто споменати причини за воведување на санкциите поврзани со корупција во САД биле подмитување (68%), корупција поврзана со владини договори (57%) и злоупотреба на државни средства (43%).[7]

Предлозите се поднесуваат до Стејт Департментот. Поточно, по добивањето на предлозите од релевантните предлагачи, Помошник-државниот секретар за демократија, човекови права и труд, во консултација со Помошник-државниот секретар за конзуларни работи предлозите ги поднесуваат до Државниот секретар, кој ги разгледува подоцна.[8] Во процесот на разгледување може да учествуваат други државни агенции на САД за да се проверат наводите од предлозите и да се донесе одлука заснована на темелна проверка на информации и докази.[9] Потоа, финалната одлука за санкционирање ја донесува Претседателот на државата, а санкциите се спроведуваат преку Трезорот на САД, поточно Канцеларијата за контрола на странски средства.

---

[3] Global Magnitsky Human Rights Accountability Act, United States Congress, 2016. Достапно на: <https://www.congress.gov/bill/114th-congress/senate-bill/284/text>

[4] Multilateral Magnitsky Sanctions at Five Years, Redress, 2022. Достапно на: <https://redress.org/wp-content/uploads/2022/11/Multilateral-Magnitsky-Sanctions-at-Five-Years_November-2022.pdf>

[5] Global Magnitsky Sanctions Frequently Asked Questions, Human Rights First, 2020. Достапно на: <https://humanrightsfirst.org/wp-content/uploads/2022/09/Global-Magnitsky-FAQs.pdf>

[6] Multilateral Magnitsky Sanctions at Five Years, Redress, 2022. Достапно на <https://redress.org/wp-content/uploads/2022/11/Multilateral-Magnitsky-Sanctions-at-Five-Years_November-2022.pdf >

[7] Ibid.

[8] Global Magnitsky Human Rights Accountability Act, United States Congress, 2016. Достапно на: <https://www.congress.gov/bill/114th-congress/senate-bill/284/text>

[9] Blocking the Property of Persons Involved in Serious Human Rights Abuse or Corruption, Federal Register, 2017. Достапно на: <https://home.treasury.gov/system/files/126/glomag_eo.pdf>

# Магнитски санкции во Западен Балкан

Врз основа на Актот „Магнитски“, во јуни 2021 година, Претседателот на САД донесе посебна извршна одлука за Западен Балкан преку која американската влада може да ги санкционира сите лица кои придонесуваат кон дестабилизација на регионот. Одлуката се однесува на оние кои ги загрозуваат демократските институции, безбедноста, територијалниот интегритет, имплементацијата на мировните договори, меѓу кои и Преспанскиот договор, како и лицата вклучени во висока корупција.

По донесувањето на оваа одлука, Владата на САД започна да креира „црна листа“ со лица од регионот. Досега, најголемото проширување било во април 2022 година, на листата се најдоа седум лица, односно, по двајца од Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија и едно лице од Црна Гора.

Лицата се добро познати во јавноста, повеќето од кои извршувале или извршуваат јавна функција. Па така, експремиерот Никола Груевски и негова компанија во Унгарија, и поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање Сашо Мијалков; Аќиф Ракипи, поранешен пратеник во парламентот и Јили Ндроќи, сопственик на медиум од Албанија; Светозар Маровиќ, поранешен заменик-претседател на Демократската партија на социјалистите на Црна Гора и поранешен претседател на заедничката држава Србија и Црна Гора; Асим Сарајлиќ, поранешен пратеник во парламентот и Гордана Тадиќ, јавна обвинителка од Босна и Херцеговина се дел од листата.[10]

Сите оние кои беа санкционирани од регионот се теретат за дела од висока корупција.

Аќиф Ракипи е обвинет за неговата вмешаност во организиран криминал и вршење политичко влијание преку корупција. Поточно, Ракипи е обвинет за користење на своето политичко влијание со цел да постави свои блиски луѓе на јавни позиции во Елбасан и Тирана.[11]

Ндроќи е обвинет за изнуда и уцена, односно, барал пари од граѓани, а во замена ветувал дека нема да објави негативни вести за нив на медиумите под негова контрола. Дополнително, Ндроќи овозможувал поткуп на граѓани во име на субјект чија цел била да отвори бизнис во Албанија.[12]

Асим Сарајлиќ е вмешан во корупциски скандал „Афера Асим“. Во аферата, Сарајлиќ е обвинет за користење на неговото политичко влијание, односно ветувал вработување на сопругата на партиски член, Велид Твртковиќ, во замена за неговиот глас за одреден кандидат на внатрепартиски избори. Сарајлиќ е обвинет и за користење на своето политичко влијание за вработување во БХ Телеком, кое е едно од поголемите државни претпријатија во БиХ. Сарајлиќ наводно прифаќал пари од апликантите во замена за добивање работни позиции.[13]

Гордана Тадиќ е обвинета за злоупотреба на својата позиција како обвинител со цел промовирање лични и семејни интереси, односно наводно користела додаток за државен стан преку фиктивен договор.[14]

Маровиќ бил уапсен од црногорските власти во 2015 година поради вмешаност во големи случаи на корупција поврзани со градежни проекти во Општина Будва. Маровиќ бил обвинет за користење на своето политичко влијание за одобрување серија набавки на имот и склучување градежни зделки од кои значајно профитирале неколку компании, а предизвикале големи загуби за локалните власти.[15]

---

[10] Sanctions for individuals from Western Balkans – proof that the US remains committed to the fight against corruption?, European Wester Balkans, 2022. Достапно на:
<https://europeanwesternbalkans.com/2022/05/04/sanctions-for-individuals-from-western-balkans-proof-that-the-us-remains-committed-to-the-fight-against-corruption/>

[11] SAD uvele sankcije za sedam osoba sa Zapadnog Balkana, Radio Slobodna Evropa, 2022. Достапно на: <https://www.slobodnaevropa.org/a/sjedinjene-drzave-zapadni-balkan-sankcije/31797204.html>

[12] Treasury Targets Actors for Destabilizing Behavior Throughout the Western Balkans, U.S. Department of the Treasury, 2022. Достапно на: <https://home.treasury.gov/news/press-releases/jy0712>

[13] Afera "Asim": Potvrđena optužnica protiv Asima Sarajlića i drugih, Glas Amerike Bosna I Hercegovina, 2021. Достапно на: <https://ba.voanews.com/a/potvrdjena-optu%C5%BEnica-u-slu%C4%8Daju-asim-za-namje%C5%A1tanje-izbora-u-sda/6371097.html>

[14] Pravosuđe u BiH dobilo od SAD sve o slučaju bivše tužiteljice Tadić, Radio Slobodna Evropa, 2022. Достапно на: <https://www.slobodnaevropa.org/a/sjedinjene-drzave-tuzilastvo-bih-gordana-tadic/31808741.html>

[15] Treasury Targets Actors for Destabilizing Behavior Throughout the Western Balkans, U.S. Department of the Treasury, 2022. Достапно на: <https://home.treasury.gov/news/press-releases/jy0712>

Она што може да се забележи е дека речиси сите лица од Западен Балкан кои се најдоа на црната листа во април 2022 се обвинети за користење на своето политичко влијание со цел остварување некоја корист. Во поголемиот дел од случаите, тоа е најчесто со цел обезбедување работни позиции на нивни блиски лица или за возврат за некаква корист, или, пак, користење на влијанието со цел директно остварување финансиска добивка. Иако речиси сите поднеле оставка или биле разрешени од јавната функција, она што е исто така заедничко за санкционираните лица од регионот е дека надлежните органи во домашните правни системи донеле пресуда за делата кои тие ги сториле, но повеќето не ја опслужуваат предвидената казна.

# Заклучок

Борбата против корупцијата треба да ги земе предвид и ефектите кои таа може да ги има врз националната безбедност. Во таа насока, особено значајно е воведувањето таргетирани санкции, по примерот на САД, кон индивидуалци директно вмешани во дела на корупција. Санкционирањето на лица преку забрана за влез во државата и пристап до нејзиниот финансиски систем кои Глобалниот Акт „Магнитски" ги овозможува, се моќна алатка за зачувување на меѓународниот мир и безбедност. Дотолку повеќе, овој пристап овозможува таргетирање на лицата директно виновни за дела од високата корупција и повреди на човековите права и потенцира дека индивидуалците сносат последици за своите дела и во меѓународната сфера. Особено е важно тоа што основен критериум за санкционирање по овој закон е лицата да се сегашни или поранешни јавни функционери, кои, во Западен Балкан, многу често се случува да не опслужуваат казна за делата кои се сомневаат дека ги сториле.

„Црната листа" којашто САД започна да ја креира за лица од Западен Балкан вмешани во дела од висока корупција треба да биде препознаена како можност за зајакнување на домашните антикорупциски напори. Националните власти треба да покажат подготвеност да се вклучат во глобалните санкции по лица кои со своето учество во корупција делуваат корозивно во земји кои ни се партнери и да го следат примерот на САД, Обединетото Кралство и ЕУ. Уште поважно од ова е властите да преземат активности и домашните корупциски актери навремено да ги санкционираат, со што ќе се демонстрира подготвеност за борба против корупција, наместо да се чека меѓународните партнери да го решаваат проблемот. На овој начин, државата ќе покаже дека е сојузник во борбата против корупција и дека се приклучува кон напорите на меѓународната заедница за справување со корупцијата во државата.

# Информации за проектот

Проектот вклучува активности за истражување и застапување со цел поддршка на реформскиот процес во Северна Македонија преку зајакнување на реформската агенда во областа на владеењето на правото, а за остварувањето на оваа цел проектот предвидува соработка и консултација со сите релевантни чинители во борбата против корупцијата.

Проектот има за цел заедно со антикорупциските институции да воспостави стратешка и долгорочна визија за развој на институциите со цел пресретнување на идните процеси и форми на корупција. Преку проектот, институциите и Институт за демократија ќе работат на преглед на клучните општествени процеси кои ќе влијаат во борбата против корупцијата до 2030 година, а врз основа на тоа ќе се изработат и планови како институциите да се справат со современите предизвици што ги носи борбата против корупцијата.

Преку овозможување политички дијалог помеѓу антикорупциските институции, Собранието и граѓанското општество, проектот се стреми кон остварување три специфични цели:

- Поддршка на подобрувањето на процесот на креирање политики, повикувајќи се на долгорочните визии за корупциски ризици и идентификуваните недостатоци;
- Информирање на долгорочните планови за институционален развој, засновани на стратешко размислување и анализи од позиција на иднината
- Едуцирање на јавноста и креирање јавна побарувачка за подобрување на антикорупциското планирање од страна на властите.

# Информации за ИДСЦС

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт-податоци за ИДСЦС**

Адреса: ул. Мирослав Крлежа бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр./ факс: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Информација за авторот

**Сара Јанеска** е помлад истражувач во Центарот за добро управување при Институтот за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје.

NED
NATIONAL
ENDOWMENT
FOR
DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

IDSCS
Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје